Република Северна Македонија
Национална установа - Центар за култура
"Бели мугри"
бр 02-60/2
26.02. 2026 год.
Кочани

Врз основа на член 36 став (1) точка 1 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 265/14 и 132/25) и членот 21 точка 1 од Статутот на Националната установа – Центар за култура „Бели мугри" –Кочани, бр.02-152/5 од 01.06.2015 година, бр.02-38/2 од 29.01.2018 година, бр.02-102/2 од 15.03.2019 година и бр.01-16/3 од 11.03.2022 година, Управниот одбор на Националната установа Центар за култура „Бели мугри" –Кочани, на седницата одржана на26.02.2026 година, ја донесе следната:

## Одлука за изменување на Статутот на Националната установа Центар за култура „Бели мугри" –Кочани

### Член 1

Во Статутот на Националната установа – Центар за култура „Бели Муги" –Кочани, бр.02-152/5 од 01.06.2015 година, бр.02-38/2 од 29.01.2018 година, бр.02-102/2 од 15.03.2019 година и бр.01-16/3 од 11.03.2022 година, членот 14 се менува и гласи:

„ (1) За директор може да биде избрано лице кое ги исполнува општите услови утврдени со Законот за културата.

(2) Покрај општите услови утврдени со Законот за културата, за директор може да биде избрано лице кое ги исполнува и следниве посебни услови:

- да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен високо образование од научното подрачје на општествените науки.".

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на добивањето на согласност од министерот за култура и туризам, а ќе се објави на огласната табла на НУ Центар за култура „Бели Мугри" –Кочани.

### Образложение

Собранието на Република Северна Македонија на седницата одржана на 24 јуни 2025 година го донесе Законот за изменување на Законот за културата, со кој се изврши измена на условот за избор на директор во однос на поседувањето на меѓународен сертификат за познавање на еден од трите најчесто користени јазици во Европската унија.

Донесувањето на Законот предизвикува потреба од изменување на Статутот на Националната установа – Центар за култура „Бели мугри" –Кочани, бр.02-152/5 од 01.06.2015 година, бр.02-38/2 од 29.01.2018 година, бр.02-102/2 од 15.03.2019 година и бр.01-16/3 од 11.03.2022 година. Со цел да не се повторуваат општите услови во Статутот од Законот, како и со цел да не се појавува неусогласеност меѓу Законот за културата и Статутот на установата, се одлучи во Статутот на установата да се утврди само посебниот услов за избор на директор, а во однос на општите услови да се применува Законот за културата.

Имајќи го предвид напред наведеното Управниот одбор одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Заменик Претседател

на Управен одбор,

Кирил Алексиев

Република Северна Македонија Национална установа - Центар за култура „Бели мугри" Кочани